

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЕУ ЦЕНТАР**

# *ЕУ ВЕСТИ*

***Ноември 2019 година***
***ЕУЦ-број 50/2019***

## НОН-ПЕЈПЕР ЗА РЕФОРМА НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ



Француската Република во ноември годинава до земјите членки на ЕУ достави нон-пејпер во кој ја реафирмира недвосмислената поддршка на европската перспектива на земјите од Западен Балкан. Сепак, во документот се наведува дека "длабоките политички, економски и социјални трансформации потребни за идно пристапување во ЕУ продолжуваат да бидат премногу бавни и конкретните придобивки за граѓаните на земјите кандидати остануваат недоволни". Според Франција, потребен е обновен пристап во процесот на проширување на ЕУ, во кој владеењето на правото и темелните права остануваат во прв план, при што клучно е воведување на реверзибилност на преговарачкиот процес.

Обновениот пристап во процесот на проширување на ЕУ се заснова на 4 принципи: постепено придружување; построги услови; поконкретна корист и реверзибилност. Франција бара целокупниот процес на пристапување во ЕУ да биде постепен и поттикнувачки.

Откако ќе започнат преговорите, процесот на интеграција повеќе нема да се заснова на истовремено отворање на повеќе поглавја по области, туку во седум последователни фази. За да преминат кон следна фаза од процесот, земјите ќе треба ефикасно да почитуваат прецизни критериуми што ќе овозможи законодавството на ЕУ да се усвои, но исто така и ефективно да се спроведе во рамки на дадена политика.

Владеењето на правото и фундаменталните права ќе останат интегрален услов од моментот на отворање на преговорите, како што е во случај на воведениот принцип од новиот пристап воспоставен во декември 2011 година, и ќе остане во текот на целиот процес (вклучен во критериумите за секоја фаза).

Критериумите за премин од една во друга фаза ќе бидат детално утврдени, ќе се овозможи проверка на усвојувањето, ефикасноста и одржливоста на законодавството за одредена област на политиката. За финалното пристапување ќе се одлучува врз база на исполнувањето на материјални, економски и социјални цели на приближување.

Покрај придобивките од постепеното учество во политиките на ЕУ, и можноста за зголемување на финансиската поддршка со ИПА, за земјите кандидати кои би се квалификувале врз основа на постигнати резултати и спроведени реформи, се дава и за користење на дел од структурните ЕУ-фондови. Франција предлага воспоставување на принцип на реверзибилност на процесот со цел да се адресираат ситуации кога земјата кандидат (целосно или делумно) повеќе не ги исполнува преземените обврски. Одговорот на ЕУ би бил постепен и пропорционален, од суспенција на дадените придобивки, до чекор назад во процесот, па дури и суспензија во случај ако се оспорат основните вредности на ЕУ.

До Советот, Франција предложи да побара од Европската комисија да формулира предлози за дефинирање на новиот методологија (организација, процедури за донесување на одлуки, механизми за мониторинг, улогата на различни европски институции и на земјите-членки) пред објавувањето на следниот пакет за проширувањето, до јануари 2020 година.

www.politico.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Нон-пејпер за реформа на процесот за пристапување во ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Нов европски зелен договор | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Разолуција на Европскиот економско социјален комитет | 6 |
| Самит на лидерите на Западен Балкан | 6 |
| Приоритетите на Хрватското претседателство со Советот на ЕУ | 7 |
| Предвремени парламентарни избори во Шпанија | 7 |
| Избрана нова влада во Романија | 8 |
| Генерациски јаз во фармерското земјоделство во Европа | 8 |
| Петта генерација на мрежна инфраструктура 5G | 9 |
| 30 годишнина од Конвенцијата за правата на детето | 9 |
| Млади мигранти - Дали се создава изгубена генерација? | 10 |
| Трговијата со антибиотици во ЕУ | 10 |
| Криза на пчеларството во Европа | 11 |
| ЕУ календар / декември 2019 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa



Одобрен новиот состав на Европската комисија



„Бог постои, нејзиното име е Петрунија“ ја освои наградата за филм „Лукс“ на Европскиот парламент за 2019 година.

***На пленарна сесија 13-14 ноември 2019,*** Европскот парламент даде согласност за помош на поранешните работници во Карфур во Белгија во износ од 1,6 милиони евра. Мерката кофинансирана од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата (ЕГФ) ќе им помогне на 400 работници да најдат нови работни места, обезбедувајќи им насоки за кариера, обука за работа, совети за претприемништво и придонеси за започнување бизнис.

Европратениците изгласаа нови правила за надминување на пропустите во наплатата на ДДВ од продажба преку онлајн платформи. Новите правила ќе им помогнат на земјите-членки да наплатат околу 5 милијарди евра даночни приходи изгубени годишно во секторот за е-трговија - бројка што се очекува да достигне до 7 милијарди евра до 2020 год. Во 2017 год. бил пресметан околу 137 милијарди евра неплатен ДДВ во сите економски ЕУ сектори.

Европратениците усвоија Резолуција со која изразија длабока загриженост за нацрт-законот против педофилија во Полска со чии одредби наставниците кои предаваат сексуално образование на малолетници, може да бидат ставени во затвор.

***На пленарна сесија 26-28 ноември годинава*** во Стразбур, Европскиот парламент ја додели наградата Сахаров 2018 на украинскиот филмски режисер и активист за човекови права, Олег Сенцов.

Европратениците гласаа за двајцата нови членови на Европскиот суд на ревизори, Франсоа-Роџер Казала од Франција и Жоел Елвингер од Луксембург и ги обновија мандатите за три члена, вклучително и за претседателот.

Во усвоената резолуција европратениците ја повикаа Украина да го почитува трговскиот договор за соработка меѓу ЕУ и Украина.

На одбележувањето на 30-годишнината од Конвенцијата на ООН за правата на детето на 20 ноември, Европскиот парламент усвои резолуција оценувајќи ги многуте предизвици со кои се соочуваат децата и младите денес.

По завршување на сослушувањата, европратениците ги одобрија новите комесари кои беа претставени од избраниот претседател на Европската комисија, Фон дер Лејен. Новиот колеџ на комесари беше одобрен од Парламентот, со 461 гласа „за“, 157 против и 89 воздржани.

Во Буџетот на ЕУ за 2020 година, европратениците обезбедија подобра поддршка за заштита на климата, зајакнување на истражувањата, инвестиции во инфраструктурата и помош на младите. Вкупните обврски за следната година се 168,7 милијарди евра (зголемени за 1,5% во однос на 2019); износот на плаќања е 153,6 милијарди евра (зголемени за 3,4% во однос на 2019 год.).

Европскиот парламент одобри 4,5 милиони евра помош од Европскиот солидарен фонд за реконструкција на западен Крит во Грција по штетите предизвикани од циклонот во февруари годинава.

Пред конференцијата на ООН, COP25 за климатски промени која ќе се одржи во Мадрид на 2-13 декември, европарламентот усвои резолуцијата со која прогласи климатска и еколошка вонредна состојба во Европа и на глобално ниво. Европратениците ја повикаа новата претседателка на Европската комисија, Урсула фон дер Лејен да ја вклучи целта за намалување на емисиите на стакленички гасови од 55% до 2030 година во Европскиот зелен договор.

*Филмот „Бог постои, нејзиното име е Петрунија“ ја освои наградата за филм „Лукс“ на Европскиот парламент за 2019 година. Филмот на Теона Митевска е копродукција на Северна Македонија, Белгија, Словенија, Хрватска и Франција. Делото се смета за значаен придонес во феминистичката борба против конзервативните општества.*

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Хрватскиот европратеник Тонино Пицула е избран за известувач за самитот ЕУ-Западен Балкан кој ќе се одржи во мај следната година во Загреб. Пицула ќе има задача да формулира препораки во име на Европскиот Парламент, во пресрет на лидерскиот состанок. Тој порача дека ќе понуди „сет на конкретни препораки“ со цел да се надмине блокадата од последниот самит на ЕУ во октомври и да се отворат преговорите за членство со Северна Македонија и Албанија.
Европратениците усвоија резолуција со која ја повикаа ЕУ и земјите-членки да ја ратификуваат Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените.
Европратениците изразија длабока загриженост за штетата нанесена на земјоделството и прехранбениот сектор на ЕУ поради спорот во неповрзан сектор и наметнатите тарифи во вредност од 6,8 милијарди евра. Тие исто така го критикуваат американскиот недостаток на интерес да соработува со ЕУ за решавање на долготрајниот спор „Ербас“ и „Боинг“.



**Европратеникот Тонино Пицула избран за известувач за Самитот ЕУ-Западен Балкан**

www.europarl.europa.eu

## НОВ ЕВРОПСКИ ЗЕЛЕН ДОГОВОР

Новиот *Зелен договор за Европа* има за цел Европа да ја направи прв неутрален климатски континент во светот. Договорот е составен од голем број на идеи за законодавно делување кои вклучуваат:

- проширување на шемата за трговија со емисии (ЕТС) кон секторите поморство, сообраќај и градежништво;
- ревизија на Директивата за оданочување на енергијата, со цел да се зајакне употребата на одржлива енергија;
- оданочување на јаглеродната границата за CO2;
- нова индустриска стратегија за декарбонизирање на енергетски интензивни индустрии;
- нов акциски план за циркуларни економии;
- инвестиции во врвни истражувања и иновации и нови технологии преку Хоризонт Европа;
- инвестициски план за одржлива Европа, со инвестициска поддршка од 1 трилион евра за следната деценија;
- преобразба на дел од Европската инвестициска банка во Климатска банка во Европа;
- Стратегии за биолошка разновидност и „Од фарма до трпеза“ за одржлива храна и
- поголеми инвестиции за заштита на животната средина и справување со пластичен отпад.




Климатската акција ќе биде спроведена во рамки на новиот Зелен договор за Европа - објави новоизбраниот претседател на Комисијата Урсула фон дер Лејен, во политичките насоки за Европската комисија за мандатот 2019-2024 година. Неутралноста на јаглеродот до 2050 година ќе биде загарантирана во законодавството на ЕУ со нов европски закон за клима. Дополнително ќе се зголеми целта на ЕУ за намалување на јаглеродот на ЕУ до 2030 година, на 55%.
Извршниот потпретседател на ЕК Франс Тимерманс ќе ја координира работата на Зелениот договор за Европа, и ќе управува и со политиката за климатско дејствување, поддржана од Генералниот директорат за климатски активности.
Повеќе информации во стратешкиот документ „Унија која се стреми кон повеќе“.

https://www.bloomberg.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 5 ноември 2019 година оствари средба со претседателот на Европскиот парламент, Давид Мариа Сасоли, што претставува негова прва посета надвор од Европската Унија по преземањето на функцијата. Претседателот Џафери на средбата истакна дека постои големо разочарување по одлуката на Европскиот совет, оправдано очекувајќи признание за остварените реформи и за сериозните политички одлуки на земјата за исполнување на препораките на ЕУ.
Претседателот на Европскиот парламент Сасоли имаше свое обраќањето до пратениците каде истакна дека разочараноста на граѓаните на Република Северна Македонија е разочараност и на најголемиот број на земјите-членки на Европската Унија, кои се убедени дека земјата е подготвена да го почне пристапниот процес. Одложувањето на датумот за почеток на преговорите е само историски неуспех, а не историска грешка. Изрази уверување дека прашањето за отворањето на преговорите со Република Северна Македонија може повторно да се стави на дневен ред, имајќи ја предвид поддршката на голем број земји членки, како и единствениот став на европските институции, но дека во меѓувреме државата треба да продолжи со реформите. Сасоли подвлече дека иднината на државата ја гледа во заедничкото европско семејство.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 4 ноември 2019 година имаше свое обраќање во Националното собрание на Унгарија, на Деветиот состанок на претседателите на парламенти на земјите од Југоисточна Европа за проширувањето на ЕУ. Во своето обраќање претседателот Џафери искажа благодарност до претседателите за континуираната поддршка и пријателство. На состанокот беше усвоена Заедничка декларација.





На 5 ноември 2019 година претседателот Џафери оствари средба со Елен Конве-Муре, потпретседателка на Сенатот на Француската Република и член на Комисијата за надворешни работи, одбрана и вооружени сили во францускиот Сенат. На почетокот на средбата, Елен Конве-Муре врачи златен медал на Сенатот на претседателот на Собранието Талат Џафери, како симбол на пријателството и плодната соработка меѓу Собранието и Сенатот на Француската Република. Врз основа на досегашните врски и соработка двајцата соговорници се согласија да ја разгледаат можноста за интензивирање и продлабочување на соработката во иднина.

На 08.11.2019 се одржа Првата работна средба на Советодавниот комитет на Програмата за парламентарна поддршка, со дискусија за следните теми: независност на Собранието, односно независна служба, финансирање и обезбедување на Собранието; отвореност и дигитализација на Собранието со подобрување на комуникациските и информациските системи, подобрување на транспарентноста и отчетноста преку технички капацитети и зајакнување на отворените податоци преку надградба на веб-страницата и системот е-парламент; и раководење на човечки ресурси во поглед на нова систематизација, активности за јакнење на капацитетите за високо функционална собраниска служба и можностите за натамошно образование и обуки.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

***„Најавениот нов пристап кон проширувањето на Европската унија - идеи и предизвици“*** беше темата на седницата на Националниот совет за евроинтеграции, на 26 ноември годинава. Пред Националниот совет се обрати Францускиот амбасадор Кристиан Тимоние, кој истакна дека европскиот проект ќе продолжи да се спроведува за целосно интегрирање на земјите од Западен Балкан во една реновирана Европска унија. Идејата на Франција е да се создаде нов функционален и побрз систем на интегрирање од претходниот, кој според предлогот ќе се постигне преку 4 принципи и 7 фази на пристапување. Обновениот пристап треба да се заснова на принципите на: постепено пристапување, строги услови, конкретни придобивки и реверзибилност. Од државата се очекува да продолжи со спроведувањето на реформите во клучните области и да се покаже напредок во донесување на потребните закони особено законот за јавно обвинителство.



www.sobranie.mk



Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции на 04.11.2019 год. оствари средба со делегација на Европскиот економско социјален комитет (ЕЕСК) предводена од Драгица Мартиновиќ Џамоња претседавач на Комисијата за следење на Западен Балкан, членот Даива Кведараите и Давид Хоиќ од секретаријатот на Одделот за надворешни врски.

Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието, Артан Груби на 4 ноември оствари средба со Елен Конве–Муре, заменик-претседател на Сенатот на Република Франција и член на Комисијата за надворешни работи во Францускиот сенат, во придружба на амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, Кристиан Тимоние. На средбата, Груби ја поздрави ратификацијата на Протоколот за членство на Македонија во НАТО во Францускиот Сенат и Националното собрание во ноември годинава.





Шефот на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа, Бетиан Китев, од 13 до 14 ноември во Париз учествуваше во работата на Мониторинг комисијата на Советот на Европа, како и на Конференцијата на тема: „Човековите права и демократијата во дигиталното време: како да се заштитат личните податоци и како да се одговори на онлајн говорот на омраза и дезинформациите?“. Во неговото обраќање, Китев повика на заеднички напори да се ограничи ширењето на лажните вести. На маргините на Конференцијата, Китев оствари средба и со Жан Бизет, претседател на Комисијата за европски прашања на Сенатот на Република Франција.



Пратеничките од Собранието, Владанка Авировиќ и Слаѓана Митовска, учествуваа на семинар за социјални медиуми за парламентарки во Европскиот парламент, на 13 и 14 ноември во Брисел. Пратеничките остварија билатерални средби на кои разговараа и разменија искуства со: Андреас Шидер, европратеник од Република Австрија и претседател на Европскиот парламент за стабилизација и придружување на Република Северна Македонија кон Европската Унија и Гвендолин Делбос-Корфилд, заменик-претседателка на Комисијата за правата на жените и родова еднаквост и сензитивност во Европскиот парламент. Целта на семинарот беше да се споделат искуствата на Европскиот парламент, Република Северна Македонија и Република Црна Гора во доменот на социјалните медиуми.

## РЕЗОЛУЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН КОМИТЕТ

Европскиот економско социјален комитет (ЕЕСК) на пленарната сесија на 31 октомври годинава усвои *Резолуција за отворање пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија "Кредибилитетот на ЕУ и стратешки интереси кои треба да се поддржат".* Со Резолуцијата се изразува длабоко разочарување од одлуката на лидерите на ЕУ на Европскиот совет од 17-18 октомври 2019 год. за натамошно одложување на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија, поради непостоење на едногласност на земјите членки. Комитетот силно жали што не се испочитуваа преземените обврски во однос на Република Северна Македонија и Албанија. Смета дека усвоените заклучоци на Европскиот совет од 28.06.2018 год. поставија јасен пат кон започнување на пристапните преговори во јуни 2019 година. Во Резолуцијата се нагласува дека недонесувањето на одлука за одредување на датум за почеток на пристапните преговори по втор пат, со земји кои веќе ги исполнија сите неопходни услови, е геостратешка и историска грешка и ги става во прашање кредибилитетот и сигурноста на ЕУ. ЕЕСК е убеден дека процесот на "европеизација" на регионот бара цврсти структурни реформи во рамките на земјите од Западен Балкан. ЕЕСК изразува високо почитување за Резолуцијата на Европскиот парламент од 24.10.2019 год. и ја потврдува својата целосна заложба за поддршка на Европскиот парламент и следната Европска комисија за зајакнување на политиката за проширување на ЕУ и за подобрување на алатката на ЕУ околу обврските за Западен Балкан. Комитетот ги повика сите релевантни институции да ги преземат неопходните чекори во насока Европскиот совет да донесе едногласна, позитивна одлука пред Самитот ЕУ-Западен Балкан во Загреб во мај 2020 год. и бара од претстојното хрватско претседателство со Советот на ЕУ на Самитот да дојде нов поттик за процесот на проширување.

https://www.eesc.europa.eu

## САМИТ НА ЛИДЕРИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Самитот на лидерите на Западен Балкан што се одржа во Охрид на 09 и 10 ноември годинава заврши со договор за повеќе конкретни мерки за побрз проток на луѓе, стоки, капитал и услуги. Учесници на средбата истакнаа дека местото на земјите од Западен Балкан е во Европската унија, и покрај недобивањето на датум за почеток на преговорите за Македонија и Албанија, на октомврискиот самит на ЕУ. Иницијативата за регионална соработка промовирана од лидерите на Македонија, Србија и Албанија оценета како „мал шенген" не значи отстапување од европските интеграции, туку заложби за заеднички ангажман за олеснување на сите гранични процедури, со цел овозможување олеснет проток на капитал, стоки, услуги и движење на луѓе. Одредбите од иницијативата се истите за кои е дискутирано на средбите со европските лидери, за реформи во транспортот, царините, безбедносните структури, за кои има согласност дека позитивно ќе се рефлектираат врз бизнис-климата во Западен Балкан. Премиерите на Северна Македонија и на Албанија, заедно со претседателот на Србија истакнаа дека Иницијативата е искористување на заедничките потенцијали за остварување подобри стандарди за сите граѓани од регионот. По средбата во Охрид беше појаснет Акцискиот план за создавање на т.н. „нов Западен Балкан од 21 век" што предвидува 24/7 работа на службите на граничните премини, премин на луѓе со лични карти преку границите од целиот регион, брз премин на камионите со стоки низ административните процедури, признавање на дипломите, слободен пазар на трудот во регионот. Претходно, на состанокот на 10 октомври во Нови Сад беше потпишана Декларацијата со намери за воспоставување Иницијатива за регионална соработка како начин за создавање предуслови за остварување на прифатливите слободи на движење на луѓе, стоки, услуги и капитал. Следната средба за „мал шенген" е предвидено да се одржи во декември, во Драч.

## ПРИОРИТЕТИТЕ НА ХРВАТСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕУ




Премиерот на Хрватска, Андреј Пленковиќ на 30 октомври 2019 година ги претстави четирите клучни приоритети на хрватското претседателство со Советот на ЕУ, потенцирајќи дека ќе се залага за европска перспектива на земјите од регионот и за делотворна политика на проширувањето. Приоритетите на Хрватска се: „Европа која расте и се развива; Европа која спојува - економски, енергетски и инфраструктурно; Европа која штити и Европа - влијателна на глобален план". Како приоритет на Хрватското претседателство е развивање на еколошки одржлива економија што би придонело за подобра заштита на животната средина и борбата против климатските промени.
Улогата на ЕУ како глобален фактор може да се зацврсне само со понатамошен развој на способностите и инструментите за заедничко дејствување во соочувањата со предизвиците како што е тероризмот, трговските војни или миграцијата. Во приоритетите се истакнува дека Унијата треба да го задржи местото на водечки меѓународен фактор, посебно на лидерство во борбата против климатските промени, промовирање на ефикасно глобално управување, заштита на човековите права и јакнење на мултилатералната трговска рамка. Хрватска ќе претседава со ЕУ од 1 јануари до 1 јули идната година, а следниот мај ќе биде домаќин на Самитот на ЕУ и земјите од Западен Балкан.

https://www.euractiv.com

## ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ШПАНИЈА




По четвртите избори во 4 години кои се одржаа на 10 ноември годинава, социјалистите на Педро Санчез освоија најмногу пратенички места во Парламентот, 120 од вкупно 350, и 57 места помалку во однос на потребната бројка за формирање на влада. Десничарската партија Вокс двојно го зголеми бројот на местата во Парламентот, станувајќи третата најголема партија во Шпанија, како резултат на кампањата за построги имиграциски закони, како и борбата против каталонскиот национализам. Меѓу нивните ветувања се враќањето на островот Гибралтар, како и забрана за партиите кои ја поддржуваат независноста за Каталонија. „Вокс" освои 52 пратеника, двојно повеќе во однос на претходните избори кои се одржаа на 28 април годинава. Лидерот на десно ориентираната Народна партија, Пабло Касадо, кој освои 88 пратенички мандати истакна дека за нив ова претставува добар резултат, но од аспект на иднината на Шпанија и формирање на влада, резултатот е лош. Касадо ги поддржува семејните вредности, монархијата и Католичката црква, а се противи на абортусот и евтаназијата.
Партијата Граѓани предводена од Алберт Ривера која беше трета политичка сила во земјата, на изборите доживеа дебакл, откако од 52 пратеници колку што освои во април, падна на само 10 мандати во Парламентот составен од 350 места.

http://balkans.aljazeera.ne

## ИЗБРАНА НОВА ВЛАДА ВО РОМАНИЈА



На 4 ноември 2019 година романските пратеници дадоа поддршка за избор на новата влада предводена од премиерот Лудовик Орбан, со што заврши политичката криза во земјата. Вкупно 240 пратеници и сенатори гласаа за новата владата во парламентот на Романија составен од 465 пратеници, односно само седум гласа повеќе од минимално потребните 233. Пратениците од Левицата ја бојкотираа седницата, а 225 пратеници беа воздржани од гласање.

Поранешниот министер за транспорт, Лудовик Орбан (56) беше назначен за премиер по падот на премиерот и лидер на социјалдемократите Виорика Данчила.

Вестите од Романија беа добри за претседателот на Европската комисија, Урсула Фон Дер Лејен, чиј тим не беше комплетен без комесар кој доаѓа од Романија. Новиот премиер Лудовик Орбан вети дека ќе номинира кандидат за функцијата откако неговата влада ќе дојде на власт во договор со претседателот Клаус Јоханес, исто така член на Либералната партија (ПНЛ). Лудовик Орбан (56) е поранешен министер за транспорт и брат на Леонард Орбан, првиот романски комесар на ЕУ, на кого му беше дадено портфолио за повеќејазичност во Комисијата на Жозе Мануел Баросо. Орбан рече дека главните цели на неговата влада се намалување на владините структури, инвестиции во клучни инфраструктурни проекти и корекција на економски мерки што го погодија деловниот сектор. Мандатот на новата влада ќе трае до парламентарните избори, кои би требало да се одржат следната година.

## ГЕНЕРАЦИСКИ ЈАЗ ВО ФАРМЕРСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО ЕВРОПА



Според демографските трендови 5,6% од сите европски фарми ги водат земјоделци помлади од 35 години, додека скоро 1/3 од сите земјоделци се постари од 65 години. Бидејќи во фокусот на светската политика е опстанокот, континуитетот и идниот просперитет на земјоделскиот сектор, традиционалниот модел на семејна фарма и пошироката одржливост на руралното општество, во крајна линија зависи од возрасната разновидност на земјоделството. Ова „исцрпување“ на работната сила во земјоделството предизвикува сериозна загриженост во Европа.

Стареењето на земјоделско население придружено со постојан пад на бројот на млади фармерски семејства е широко распространето во Европа.

Голем предизвик претставува меѓугенерациското пренесување на фармата, до толку што генерациското обновување е една од деветте клучни цели во идната „Пост 2020 реформа на Заедничката земјоделска политика“ (CAP).

Поддршката за приходите, но и мерките за олеснување на пристапот до земјата и трансферот на земјиште се меѓу најголемите побарувања на младиот земјоделец. Разбирањето на нивните тврдења е особено вредно, бидејќи тешкотиите со кои се соочуваат младите земјоделци можат да придонесат на тоа како ќе изгледа иднината на земјоделството.

Генерацискиот трансфер е потребен со цел да се овозможи на новите земјоделци да влезат во професијата, со што ќе се обезбеди иднината на земјоделскиот сектор во Европа.

Структурата на субвенциите за директни плаќања во комбинација со несоодветни мерки за поддршка, честопати го отежнуваат влезот на потенцијалните земјоделци на пазарот. Ова значи дека во моментов, само 1 од секои 3 нови земјоделци добиваат јавни субвенции.

https://www.euractiv.com

## ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА НА МРЕЖНА ИНФРАСТРУКРУРА 5G

Земјите-членки на ЕУ со поддршка на Европската комисија и Европската агенција за компјутерска безбедност, на 9 октомври 2019 година објавија Извештај за координираната проценка на ризикот на ЕУ за безбедноста на мрежната инфраструктура од Петтата генерација (5G).
Овој чекор е дел од имплементацијата на Препораката на Европската комисија од март годинава со цел да се обезбеди високо ниво на компјутерска безбедност на 5G мрежата низ ЕУ. Извештајот се заснова на резултатите од националните проценки на ризици од компјутерска безбедност од сите земји-членки. Ги идентификува главните актери и закани, главните слабости и голем број стратешки ризици. Оваа проценка дава основа за идентификување на мерките кои можат да се применат на национално и европско ниво. Безбедносните предизвици се поврзани со клучните иновации во 5G технологијата (особено важен дел од софтверот и широк спектар на услуги и апликации овозможени од 5G) и улогата на добавувачите во градењето и работењето на 5G мрежите и степенот на зависност од одделни добавувачи.
На 26 март годинава, по на поддршката од Европскиот совет, Комисијата усвои Препорака за компјутерска безбедност на 5G мрежи, во која се




повикуваат земјите-членки да ги завршат националните проценки на ризикот и да ги разгледаат националните мерки.
5G мрежите се идниот столб на дигитализираните економии и општества и во критичните сектори како што се енергетиката, транспортот, банкарството и здравството, како и во системите за индустриска контрола кои носат чувствителни информации и системи за поддршка на безбедноста. Оттука и безбедноста на мрежите од 5G е од суштинско значење.

https://ec.europa.eu

## 30 ГОДИШНИНА ОД КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

На 18 ноември 2019 година се одбележа 30 годишнина од Конвенцијата за правата на детето,од Генералното собрание на ООН на 20 ноември 1989 година. Конвенцијата го штити правото на сите деца, да бидат ослободени од дискриминација, насилство и запоставување. Оваа година беше даден поттик на меѓународната заедница да ги засили своите напорите за заштита на децата, нивен напредок, како и да се обнови заложбата за заштита и промовирање на човековите права. И покрај постигнат забележителен напредок во изминатите три децении, останувaат значителни предизвици, особено за девојчињата, децата со посебни потреби и децата во неповолни и ранливи ситуации.




Комитетот за правата на детето, како надлежен за следење на државите во почитувањето на одредбите од Конвенцијата, ги охрабрува државите потписнички да ја обноват својата заложба за Конвенцијата, дека ќе преземат една специфична и мерлива акција за промоција, заштита и остварување на правата на детето.
Годинава се одбележува и 5 години од стапувањето во сила на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на децата. Овој трет факултативен протокол е прва меѓународна постапка за жалби што им дава можност на децата да ги бараат своите права на меѓународно ниво. Тоа е важен додаток на Конвенцијата за зајакнување на статусот на децата како носители на права.

https://www.childrightsconnect.org

## МЛАДИ МИГРАНТИ - ДАЛИ СЕ СОЗДАВА ИЗГУБЕНА ГЕНЕРАЦИЈА?



Извештајот на Агенцијата за основни права на ЕУ (FRA) „Интеграција на млади бегалци во ЕУ“, идентификува сериозни пречки во постојните пристапи за интеграција на младите мигранти на возраст од 16 до 24 години. Податоците се земени врз основа на спроведено интервју со 160 бегалци и 400 работници од линиите за прифаќање. Во извештајот се потенцираат и добри иницијативи на локална политика од секоја земја. Дадени се следните примери:

- финансиска поддршка за индивидуално сместување на баратели на азил кои се дел од системот за прием - во Виена, Австрија;
- брза поддршка за интеграција за влез на пазарот на трудот - во Шведска;
- гарантирана шема за финансиска помош на младите бегалци во Франција и
- мобилна апликација на седум јазици за животот во Германија.

Со одложувањето во интегрирањето и сериозните предизвици на младите бегалци се ризикува да се создаде т.н. изгубена генерација, се наведува во новиот Извештај на FRA. И покрај идентификувани одредени добри практики, сепак земјите-членки се повикуваат да учат едни од други од искуството, за да им дадат на младите мигранти, соодветна шанса во животот.

Агенцијата за основни права на ЕУ ги повикува земјите-членки да ги забрзаат процедурите за азил и постапката да се заврши до 2 години, да се ограничи бирократијата, обезбедување на соодветно домување и зајакнување на образованието.

Од 2015 до 2018 година, речиси 2 милиони луѓе добија меѓународна заштита во ЕУ. Правото на ЕУ е јасно и земјите-членки на ЕУ имаат должност да ги штитат правата на бегалците.

https://fra.europa.eu/en

## ТРГОВИЈАТА СО АНТИБИОТИЦИ ВО ЕУ




ec.europa.eu/eurostat

Увозот на антибиотици во земјите-членки на ЕУ е во вредност од 5.030 милиони евра во 2018 година, од нив 57%, потекнуваат од земји кои не се членки на ЕУ. Споредено со 2008 година, вредноста на увозот на антибиотици во земјите-членки на ЕУ се зголемила за 34%.
Земјите-членки на ЕУ извезуваат антибиотици во вредност од 3.030 милиони евра, од кои скоро 2/3 или 60%, се извезени во други земји-членки на ЕУ. Споредено со 2008 година, ова е намалување од 13% на вкупниот извоз на земјите-членки на ЕУ.
Во 2018 година, Германија увезла антибиотици во вредност од 710 милиони евра од земји кои не се членки на ЕУ. Овој увоз претставува 1/4 (25%) од вкупниот екстра-увоз на антибиотици што ја прави Германија најголем увозник на антибиотици од земји што не се членки на ЕУ. Зад Германија е Холандија (590 милиони евра, 21%) и Италија (530 милиони евра, 19%), потоа Белгија (320 милиони евра, 11%), Велика Британија (190 милиони евра, 7%), Шпанија ( 180 милиони евра, 6%) и Франција (130 милиони евра, 5%).
Увозот на антибиотици од земји кои не се членки на ЕУ главно доаѓал од Швајцарија, Кина, САД, Јапонија, Сингапур, Индија и Јужна Кореја.
Во 2018 год. Италија остварила извоз на антибиотици од 440 милиони евра во земји што не се членки на ЕУ, што претставува над 1/3 (36%) од вкупниот извоз на антибиотици надвор од ЕУ. Ова ја прави Италија најголем извозник на антибиотици од ЕУ, пред Ирска (190 милиони евра, 16%), Шпанија (100 милиони евра, 8%), Белгија (80 милиони евра, 6%) и Данска (70 милиони евра, 6%).

https://ec.europa.eu/eurostat

## КРИЗА НА ПЧЕЛАРСТВОТО ВО ЕВРОПА



Популацијата на пчели во Европа изумира, се наведува во Извештајот насловен како Загадување, опрашувачи и производство на храна“, од експерти на Меѓувладината платформа на научна политика за биолошката разновидност и услуги на екосистеми (Ipbes). Платформата е основана од 124 земји членки на ООН и заснована врз наодите на стотици научници. Важноста на секторот пчеларство е далеку поголема од нејзиниот придонес во БДП, бидејќи над 80% од приносите на земјоделските култури и 75% од европското производство на храна зависат од опрашувањето на пчелите.
Меѓународната истражувачка мрежа Coloss основана од Институтот за пчеларство на Универзитетот во Берн, негативниот тренд на угинување на пчелите во Европа е предизвикан од: урбанизација, монокултура, пчелни заболувања, методи за заштита на растенија кои негативно делуваат врз пчелите и др. фактори.
Според сознанијата, угинувањето на пчелните семејства во текот на зимата е зголемено од првичното 5-10% на 25-40%, а колониите се повеќе се распаѓаат и во текот на летото. Доколку продолжи овој тренд, еколошката нерамнотежа веројатно директно ќе го загрози целиот земјоделски сектор и прехранбената индустрија.
Се повеќе од пчеларите се решаваат да престанат со производство на мед заради тешкотии на пазарот. Медот надвор од ЕУ главно од Кина, е со послаб квалитет, но и далеку поевтин. Европските пчелари произведуваат мед со повисок стандард имајќи ги предвид строгите правила на ЕУ за безбедност на храната, и не се во можност да се натпреваруваат со цените на медот од Кина.
Во Извештајот на Европскиот парламент, за медот во 2017 година, јасно се кажува дека правилата за означување на потеклото на пчеларските производи мора веднаш да бидат разгледани. Треба да се користат алатки за промовирање и стимулирање на потрошувачката во внатрешниот пазар. На долг рок, се препорачува ЕК да ги анализира и процени истражувањата и да ги испита причините за падот на пчелните колонии. Се очекува со какви предлози ќе излезе Комисијата, за решавање на тековната криза со пчеларството.

https://ipbes.net/assessment-reports/pollinators

*ЕУ КАЛЕНДАР / декември 2019*

*1.Конференција за климатски промени (COP 25), 02-13/12/2019, Мадрид, Шпанија;*
*2. Европска вселенска недела 2019, од 02-5/11/2019, Хелсинки, Финска;*
*3.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 16-17/11/2019, Стразбур;*
*4.Состанок на Европскиот совет, 12 и 13.12.2019, Брисел;*
*5. Иницијатива ”Млади избрани политичари обединети за климата”, 03/12/2019, Европски комитет на региони, Брисел.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




